Општинското основно училиште основано Општински комитет за општествени дејности на Собрание на општина Гази Баба.верификација-број на акт 14-2782/1 од 26.02.1986г. Училиштето воспитнообразовната дејност ја започна со 534 ученици во 23 паралелки. Бројот на ученици во изминатите четири години се движи од 575 до 534 со тенденција на мало намалување и во сите четири години учениците биле распоредени во 22-23 пралелки. Во нашето училиште се реализира и проширена програма. Проширената програма на училиштето опфаќа организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите за редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава. Со обезбедени услови и средства од основачот и со добиена согласност од Министерството, во училиштето се организира продолжен престој за учениците во групи од прво до трето одделение За време на продолжениот престој во кој се вклучени ученици од различни паралелки и одделенија, учениците учат, ги работат домашните задачи, работат други училишни обврски и ООУ„Наум Наумовски борче“ Скопје учествуваат во културно-уметнички, спортски и други активности, согласно со годишната програма за работа на училиштето, согласно Упатство подготвено од страна на Бирото. Училштето активно организира и реализира воннаставни активности како: организирање на секции, клубови, екскурзии, натпревари, други активности кои училиштето ги реализира надвор од наставната програма, како и активности на ученичката организација.

**4. Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години**

**4.1. Самоевалуација на основното училиште**

| Подрачје | Резултати |
|---|---|
| Наставни планови и програми | Применуваните НПП се во согласност со донесените програмски документи од МОН, реализацијата на НПП е во пропишаниот обем и обезбедува постигање на целите од концепцијата за основно образование. Содржините од сите наставни програми овозможуваат постигање на целите за меѓуетничка интеграција во образованието и стандардите за одржлив еколошки развој.<br><br>Во НПП е вклучено стекнување на сите потребни компетенции: знаења, вештини, ставови и вредности.<br><br>Наставниците имаат можност да влијаат во креирањето на НПП и се води сметка за меѓусебната содржинска поврзаност на предметите. Наставните содржини одговараат на индивидуалните потреби на учениците и на нивното претходно искуство. НПП во континуитет се надополнуваат и се осовременуваат, јасно се дефинирани целите и исходот на учењето и постои корелација на наставниот материјал со целите на учење.<br><br>Во НПП јасно се дефинирани критериумите за оценување. Во училиштето има доволно вработени за да ги спроведат наставните планови и програми, а на наставниците им се овозможува да се усовршат за нивната примена. Во училиштео постои систем на самоевалуација на примената на наставните планови и програм притоа се овозможува користење на ресурсите на заедницата. Постојат можности за интегративни пристапи кон содржините во повеќе од еден предмет и наставниците преземаат одговорност за реализација на меѓупредметните цели**.**<br><br>Училиштето има капацитет да ги прилагодува наставните програми по сите предмети според можностите на децата со посебни образовни потреби. Со учениците со посебни образовни потреби, вклучени во редовната настава се работи според ИОП.<br><br>За учениците со посебни образовни потреби постои инклузивен тим на детето, а родителите се вклучени во изработката на индивидуалниот образовен план (ИОП).<br><br>На почетокот на учебната година наставниците ги запознаваат учениците со наставните содржини кои ќе ги учат. Содржината на поголем дел од предметите ми е интересна на учениците и во училиштето учат многу корисни работи. Наставниците имаат современ приод кон совладување и реализирање на наставните планови и програми.<br><br>Учениците делумно учествуваат во креирање на наставните планови и програми и ретко се вклучуваат во иницијатива за измена и дополнување на наставните планови и програми. |

| | |
|---|---|
| | Постапката за определување на изборните предмети се применува во целост согласно наставниот план. Училиштето нуди повеќе од три изборни предмети според наставниот план.<br><br>Училиштето организира воннаставни активности (секции, екскурзии, приредби и сл.) и учениците се вклучени во воннаставните активности по сопствен избор, но имаат слаба улога во изготвување на програмите за работата на воннаставните активности. Училиште организира воннаставни активности со училишта со друг наставен јазик во рамките на можностите и само дел од учениците се вклучени во реализација на активностите. Училиштето обезбедува услови и ги вклучува учениците со посебни образовни потреби во воннаставните активности.<br><br>Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат во различни манифестации и натпревари од општинско, регионално, државно и меѓународно ниво. Учениците работат на проекти и самостојно преземаат и реализираат младински иницијативи (еколошки и хуманитарни акции, отворен ден по граѓанско образование и др.).<br><br>Училиштето за афирмирање на воннаставните активности соодветно ги користи различните медиуми (веб страна, социјални мрежи, ученичко катче и др.). Училиштето обезбедува промоција на активностите за меѓуетничка интеграција во училиштето и со партнер училиштето.<br><br>Родителите се запознаени со наставните планови и програми и училиштето има воспоставено процедури, начини и средства да ги информира членовите на Советот на родители и другите родители, за целите на наставните планови и програми што се реализираат вклучувајќи ги и програмите што се однесуваат на образованието за меѓуетничка интеграција.<br><br>Училиштето е целосно отворено за соработка со родителите и целосно се почитуваат сугестиите на родителите. Пеку Советот на родители може да се влијае во организацијата на наставните планови и програми.<br><br>Постојат добри примери за вградени особености на локалната средина во поставените цели од наставните програми и негување на меѓуетничката интеграција во образованието и граѓанската вклученост.<br><br>Наставата во училиштето е на високо ниво, во однос на поттикнување на самодовербата, кооперативноста и толеранцијата на учениците. Училиштето треба да продолжи со техничко опремување и набавка на нови нагледни средства и помагала. Во училиштето не постојат етнички и полови нееднаквости. Во училиштето се работи на градење на личноста како општествен субјект.. Училиштето реализира проширени програми почитувајќи ги можностите и потребите на учениците (прифаќање и |

| | |
|---|---|
| | заштита на учениците, дневен престој, дополнителна и додатна настава и др.). |
| Постигнувања на учениците | Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците од различен пол,етничка припадност и според наставни предмети . Прави анализа и споредба на успехот и поведението на секој квартал, изработува полугодишен и годишен извештај за својата работа. Општиот успех на учениците кои се бројчано оценети од четврто до деветто одделение на ниво на училиште во две последователни учебни години бележи континуирано подобрување што може да се забележи од табеларниот приказ и направените споредбени резултати. Анализата на успехот по одделение во две последователни учебни години 2018/19 и 2019/20 ни покажува дека учениците од четврто одделение во учебната 2018/19 година покажале најслаб успех 4,08, учениците од седмо одделение покажале најголем успех од 4,34. Следната учебна година 2019/20 учениците од шесто одделение покажале најслаб успех 3,98, а учениците од седмо одделение најголем успех од 4,47. Од направената компаративна анализата на општиот успех по одделение на исти ученици од четврто до деветто одделение кои се бројчано оценети во две последователни години 2018/19 и 2019/20 ни покажува: учениците кои биле четврто одделение во 2018/19 година во следната учебна 2019/20 година односно во петто одделение нивниот успех е во подем за 0,22. Учениците кои биле петто одделение во 2018/19 година во следната учебна 2019/20 година односно во шесто оделение и преминот во предметна настава нивниот успех бележи мал пад за 0,38. Учениците кои биле шесто одделение во 2018/19 година во следната учебна 2019/20 година односно во седмо одделение нивниот успех е во подем за 0,34. Учениците кои биле седмо одделение во 2018/19 година во следната учебна 2019/20 година односно во осмо одделение нивниот успех е во благ подем за 0,03. Учениците кои биле осмо одделение во 2018/19 година во следната учебна 2019/20 година односно во деветто одделение нивниот успех е во благ подем за 0,25.<br><br>Од компаративната анализа на општиот успех на ниво на училиште може да се забележи дека истите ученици по одделение следени во двете последователни години 2018/19 и 2019/20 е во благ подем, со исклучок на една генерација ученици (петто во шесто одд.) која има мал пад во следната учебна година 2019/20 поради адаптација при преминот од одделенска во предметна настава.<br><br>Училиштето планира и презема конкретни активности за подобрување на постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност.<br><br>За да ги подобри постигањата на учениците училиштето презема активности преку: примена на нови техники, форми , примена на ИКТ во наставата,применува расположиви средства и технички помагала, индивидуална работа, преку додатна и дополнителна настава, преку |

| | |
|---|---|
| | соработка со родителите и стручните соработници, преку задолжителни, слободни и воннаставни активности, изготвување задачи по тежински нивоа, квалитетни годишни, тематски и дневни планирања. Покрај редовната настава училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат со организирање на дополнителна настава. Мотивирање и поттикнување на учениците за учество на натпревари, конкурси и други манифестации.<br><br>Училиштето посветува особено внимание на личните постигањата на учениците и тоа им го овозможува како преку редовната настава, така и преку воннаставните активности. Преку интернет страната на училиштето, како и преку соработка со медиумите, културни установи и институции, преку учество на литературни читања, ликовни изложби и хепенинзи, спортски натпревари, квизови, музички настапи итн. училиштето не само што ги промовира личните постигања на учениците, туку и постигањата во име на училиштето. Програмата за откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми како дел од Годишната програма за работа на училиштето, вклучува цели за идентификација, поддршка и следење на учениците со емоционални проблеми меѓу кои спаѓаат и учениците со посебни потреби. Најголем број наставници во редовната настава им обезбедуваат поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, на учениците со посебни потреби, како и на надарените ученици избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Училиштето ги следи постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус. Училиштето има податоци за опфат на учениците од реонот, има изградена политика за опфат на сите ученици и превзема различни активности (соработка со надлежните институции и локалната самоуправа) со цел да се опфатат сите ученици од реонот. Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците според полот и етничка припадност и превзема мерки за да се зголеми редовноста кај учениците. Во училиштето редовно имаме советување на родителите. Психологот на училиштето врши советување на родителите чии деца направиле повеќе од 100 оправдани или повеќе од 10 неоправдани, како и за родители чии деца имаат три и повеќе слаби. Како и советување со родители чии деца имаат повеќе од 100 оправдани. Речиси сите ученици го завршуваат образовниот циклус.<br><br>Од статистичките податоци повеќето осипани ученици се од ромската популација, поради заминување во странство. Училиштето прави анализа на причините за повторување на учебната година. Во нашето училиште во овие две учебни години имаме повторувачи.Станува збор за ученици кои во текот на учебната година покажале недоволен успех по повеќе наставни предмети како и нередовност во наставата. Училиштето има пропишана процедура за повторувачи и превзема мерки за намалување на бројот на повторувачи. |
| Учење и настава | Наставата се изведува на организиран начин. Изготвени се наставни планирања. Наставниците изготвуваат годишни глобални, тематски и дневни |

| | |
|---|---|
| | планирања. Реализацијата на наведените планирања се следи на повеќе начини. Наставниците соработуваат меѓусебно, со стручните соработници, со директорот, и БРО заради поуспешно планирање на сопствената работа. Најмалку двапати во едно полугодие се посетуваат часовите на наставниците од директорот и/или од стручните соработници Сите наставници успешно ја планираат редовната, додатната и дополнителната настава, како и воннаставните активности. Распоредот на часови е изработен согласно наставниот план и почитувајќи го најдобриот интерес на детето. Во наставата се применуваат разновидни наставни форми и методи. Следењето, проверувањето, поттикнувањето и оценувањето на развојот на напредувањето на учениците се врши со примена на различни форми специфични на барањата на описното, односно бројчаното оценување. Училиштето има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик.<br>Училиштето има усогласени критериуми за оценување со кои учениците и родителите се целосно запознати. Во усна или писмена форма се изнесуваат постигнатите резултати во наставно – воспитната работа, наставниците редовно даваат повратни информации за напредокот и постигањата како и насоки за подобрување на постигањата на учениците.<br>Во наставата се посветува посебно внимание на педагошката комуникација меѓу наставникот и учениците. Во процесот на наставата учениците постепено се воведуваат во методи и техники на успешно учење. Вклучувањето на учениците во наставниот процес се поттикнува и преку ученичката заедница. Наставниците им овозможуваат на учениците да ги презентираат своите трудови на различни начини. Низ континуирано следење на постигањата на учениците и давање на повратни информации се идентификуваат нивните образовни потреби, тие дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата. Училиштето е отворено за активна и конструктивна соработка со родителите. Тоа има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Родителските средби се добро организирани и корисни и на нив јасно се пренесуваат информациите.<br>Учениците го доживуваат училиштето како стимулирачка и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење, промовира мултикултура и прифаќање на различностите, нивните изработки се изложуваат на видно и соодветно место во училница или во училиштето. Наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат , да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат, при решавањето на проблеми и одлучување наставникот го зема во предвид и мислењето на учениците, на овој начин училиштето со неговите компоненти овозможува учениците да стекнат сигурност и доверба, да се чувствуваат како дел од заедницата во која живеат.<br>.<br>Во нашето училиште за подобрување на успехот и поведението на учениците се води посебна грижа. Се практикуваат активности за поттикнување на развојот, натпревари, секции, индивидуално поттикнување, тимска работа, додатна и дополнителна настава и сл. |

| | |
|---|---|
| | Посебен акцент се става на мотивацијата на учениците да можат да ги зголемат своите постигања, активно да се ангажираат во процесот на учење, да работат и да се стекнуваат со знаења и вештини за вклучување во процесот на истражување со цел да се насочат кон ефикасност и ефективност на сопствените идеи и напредок. |
| Поддршка на учениците | -Учениците редовно се информирани за својот напредок од страна на наставниците и тие имаат слобода да побараат помош и поддршка од наставникот доколку се соочат со било каков проблем при учењето<br>-Учениците се информирани дека можат да се обратат на стручните соработници доколку се соочаат со емоционални проблеми (развод на родителите, болест во семејството, трауми од конфликти и насилство во семејството).<br>-Во училиштето се реализираат предавања од страна на вработени и надворешни стручни лица за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства.<br>-Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигнувањата, редовноста и поведението на учениците и тие подготвуваат редовни извештаи и анализи по квартали за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците.<br>- Во училиштето има сертифициран обучен кадар за давање прва помош на учениците при несреќни случаи и има интерен акт со шеми за движење и за постапување во случај на елементарни непогоди<br>-Најмалку еднаш годишно, во училиштето се изведува симулација за постапување во случај на елементарни непогоди<br>- Училиштето спроведува политика за забрана на пушење, внесување и консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции<br>- Во училиштето постои соработка во идентификување на деца со ПОП, емоционални и други потешкотии<br>- Во училиштето се превземаат мерки за заштита на здравјето на учениците<br>-Во случај на појава на заразна болест, училиштето усвојува договорна процедура за заштита од нејзино ширење. |
| Клима во училиштето | Училиштето е препознатливо по високиот квалитет на работа и постигањата на учениците во различни области, како и остварување на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето со своите успеси на државно и меѓународно ниво се истакнува во локалната средина. Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците , ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Наставниот кадар ужива добар респект кај родителите. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Училиштето има Кодекс на однесување во кој |

| | |
|---|---|
| | се поставени принципите и правилата на однесување на учениците и наставниците,раководниот кадар,родителите,технички персонал како и Еко кодекс во рамките на програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем. Во изготвувањето на овие кодекси подеднакво учествуваа сите структури во училиштето, како и родителите низ демократска процедура. Не постојат пишани процедури при прекршување на принципите на Кодексот. Училиштето води политика на заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот.Учениците,членови на Ученичкиот Парламент се поканувaат на совети на паралелките,но не и учество на наставнички совет и училишен одбор. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и наставниот кадар играат клучна улога во одржување на постојано поттикнувачка атмосфера во училиштето што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Сите ученици (без оглед на способностите, род, етничка припадност, вера и потекло) се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Дисциплината на учениците главно задоволува. Постои работна атмосфера за време на часовите и вонаставните активности. Поголем проблем се јавува со дисциплината на учениците за време на одморите. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците при приемот и заминувањето од училиште.Вработените внимателно и авторитетно се справуваат со проблеми кои се однесуваат на дисциплината и редовноста, поради што се подобрува квалитетот на поучувањето и учењето во наставата. Училиштето соодветно го применува Правилникот за изрекување на педагошки мерки за учениците кои ја нарушуваат дисциплината за време на наставата или на одморите(провокации,навреди,закани). Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците и има демократски формиран ученички парламент на сите нивоа(од паралелка до училиште),која учествува во донесувањето одлуки за прашања што се од непосреден интерес на учениците.Учениците навремено и целосно се информираат од ученичкиот парламент за работите во училиштето што се од нивен интерес,но не се поканувaат на наставнички совет,совет на родители,училишен одбор за решавање на проблемите од нивен интерес. Училиштето става акцент на постигањата на сите ученици. Наставниот кадар ја организира средината за учење со поставување на јасни очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците се мотивирани за соодветни постигања на ниво на училиште и на национални оценувања. Наставниот кадар го користи пофалувањето како начин на мотивирање. Училиштето ги промовира постигањата на учениците во рамките на училиштето и во пошироката локална средина(Училишно радио,истакнување на докази во холот,на web страна на училиштето)но недоволно и целосно се дава акцент за нивно промовирање и афирмација на повисоко ниво(Истакнување на наставнички совет,совет на родители,училишен одбор).Учениците имаат можности (согласно своите способности и интереси) да ги изразат своите креативни потенцијали во |

| | |
|---|---|
| | наставата и во воннаставните активности. Училиштето има политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално, национално и меѓународно ниво.Но училиштето нема развиен мотивационен систем на наградување на учениците кои постигнале успех и на наставниците (ментори)кои помагаат во тоа,во сите области преку кои го промовираат училиштето.(награда за патување,енциклопедија,книга,пригоден подарок и сл.)Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги почитуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Наставниците ги користат максимално содржините од наставните програми за да ги промовираат еднаквоста и правичноста како вредности кон кои треба да се стремат учениците. Реализацијата на овие содржини овозможува наставниците да обрнат поголемо внимание на воспитниот дел од наставата. Стручната служба преку реализација на своите програмски активности придонесува учениците да учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација. Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата,етничката,културната,верската и јазичната разновидност во училиштето и нивно заемно прифаќање.Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во РСеверна Македонија без оглед на која етничка група и припаѓаат. Училиштето планира и реализира заеднички наставни или воннаставни активности и ги користи сите други можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште(МИО проект „Градиме заедничка иднина“ проект за развивање на социо - емоционални вештини). Соработка на училиштето со родителите е постојана, транспарентна и јавна.Родителите се поттикнати активно да се вклучат во воспитно-образовниот процес преку организирање предавања на конкретна тема,предлагаат иницијатива за обука со конкретна тема,но се уште реализирана поради пандемијата„Ковид 19“,земаат учество во сите воннаставни активности. Соработката на училиштето со родителите се остварува преку повеќе форми: индивидуални средби, задолжителни родителски средби, отворен ден за соработка,отворени месечни средби и друго. За родителите и другите надворешни соработници има приемен ден за посета, разговор, односно соработка со одделенскиот раководител, предметните наставници, педагогот, директорот. Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во работата на училиштето во рамките на формалните нивоа на одлучувања (Совет на родители и Училишен одбор)Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на претставници на родителите во Училишен Одбор.Процедурите обезбедуваат во составот на училишните органи застапеност на членови од различни етнички заедници.Но за работата на училишните органи нема целосна транспаретност. Родителите се чувствуваат добродојдени во училиштето. Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница преку спроведувања на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Училиштето промовира волонтерско вклучување на |

| | |
|---|---|
| | учениците во активностите на заедницата. Заедницата се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето. Училиштето промовира и прифаќа вклучувања на волонтери од заедницата во наставните и вонnаставните активности.(Освен константната соработка со локалната заедница би ги издвоиле:- учество во прославата на Денот на Општина Гази Баба,Општински Олимписки игри,Круг на хуманоста во чест на мајка Тереза, Од полуматура до танц култура,Проект од МВР „ Безбедност во училиштата“,Екозвон и општината Гази Баба „ Не пластични кеси“,Проект„ Дополнителен час среќа “ во реализација на Општинската организација на Црвен крст – Гази Баба,МИО проект „Градиме заедничка иднина“ -проект за развивање на социо - емоционални вештини, Соработка со локалната заедница во вид на донации). Училиштето остварува квалитетна соработка со деловната заедница.Постојат повеќе конкретни примери за успешна соработка и активно учество на вработените во проекти од интерес на заедницата.( Ксантика – мартинки/општина Гази Баба, „Децата восообраќајот"- предавање МВР, Пакомак , Основи на работа со интерактивна табла/ Тримакс, Примена на списанијата за деца: Росица, Другарче, Развигор и Наш свет во воспитно-образовниот процес/Просветно дело, КК „Феникс“, ОК „Јанта Волеј“, ТК„Тигри – Скопје„„Сара9Трејд“ и др.Училиштето соработува и со невладиниот сектор, постојат добри практики во досегашната работа кои ги оценуваме како исклучително важни.( СОС- Детско село, Црвениот Крст, Македокс, УСАИД и други кои пружаат помош и подршка во воспитно-образовниот процес). |
| Ресурси | Училиштето е од тврда градба, со површина од 4239 m², површина на училишен двор 2300m², исто толку и површина на спортски терени и игралишта.<br>Училиштето асполага со 22 училници од кои : 1 кабинет по информатика, една современа лабораторија - кабинет по техничко образование (училишна работилница за практична обука на учениците), една просторија - медиатека опремена со современи аудиовизуелни нагледни средства за проекција која има широка примена во реализација на наставата и воннаставните активности, помали простории кои се користат за чување на нагледните средства, една просторија за продолжен престој на учениците, фискултурна сала со две соблекувални.<br>Во училиштето има 4 канцеларии ( наставници, педагог, социолог, психолог, директор, секретар ).<br>Во училиштето постојат делумно пријатни просторни услови за организирање на наставата и воннаставните активности, но секоја година се превземаат конкретни активности за подобрување на условите за одвивање на наставата и воннаставните активности.<br>Од интервјуто со наставниот кадар се добива податок дека значително би се подобриле условите за работа особено во топлиот период доколку училишната зграда има термофасадна изолација.<br>Нашето училиште има опремено една лабараторија/училишна работилница (кабинетот по техничко образоване) каде учениците се стекнуваат со знаења и вештини во делот на практичната настава. |

| | |
|---|---|
| | На влезот од училишната зграда има пристапна рампа за учениците со телесни пречки во развојот, но нема пристапност внатре во училишната зграда и адаптирани тоалети.<br>Училиштето располага со стручната литература, тука ги вбројуваме сите прирачници од USAID,потоа прирачниците за наставници по предметите:математика,природни науки,македонски јазик итн.<br>Во делот на стручната литература спаѓаат и енциклопедии,речници,записи,некои историски документи.<br>Училиштето располага со следните наставни средства и помагала(реквизити):<br>табли (зелени) 20, Интерактивни табли 9, LCD проектори13, Магнетни табли ( бели) 4, CD плеар радио касетофони14, телевизори 2, LCD-Smart телевизори2, печатари8, мултифункционални печатари3, фотокопир3 ,скенер1, табли бели со тркалца 6, разгласна станица 1,МИМИО уред 1, микро бит уреди 30, компјутери во кабинет по информатика 26, компјутерска училница 4, компјутери 24, монитори, метални ормари со 130 преносни компјутери , компјутер во наставна канцеларија 1, ксилофон, пиано, металофон 2 синтисајзери, 2 ксилофон, 1 пиано, триангл, мини систем, кабли за проектор HDMI, 6 звучници за компјутер математички помагала ( 1 линијар, 2 агломери, 2 триаголника, 3 шестари, геометриски тела жичани), карта на Македонија, магнет<br>( 2 прачкасти, 2 потковичест ), 20 епрувети, детски мемориски картички, демонстративен часовник, дигитален шаховски часовник, шаховска табла и фигури.<br>Во сите училници има вклучено интернет со wireless (безжична конекција) и со ADSL жичана конекција за квалитетно реализирање на наставата.<br><br>Нашата училишна библиотека располага со книжевен фонд од 9405 литературни изданија Истите тие книги се заведени во инвентарни книги (од прва до трета инвен. книга).<br>Во училиштето се води електронска библиотека.<br>Книжевниот фонд во библиотеката се состои од:<br>Лектирни изданија(спаѓаат сите лектири од II- IX одд) и секоја година континуирано се набавуваат.<br>Сите лектирни изданија се на македонски наставен јазик.<br>Литература (стручна, слободна, енциклопедии и речници). Истата е распоредена по жанрови (роман, драма, поезија).<br>Во склоп на библиотеката има библиотекарска секција која функционира според однапред изготвена програма..<br>Училиштето редовно го набавува потрошниот канцелариски материјал: хартија за принтање,тонери, хамери ,пликоа, налози, спојувалки, хефталици, коректори, регистратори, книги за фактури М4, М8, папки, индиго селотејп, налози и слично.<br>Ефективноста на користење на наставни средства и материјали се утврдува преку посетите на часовите од страна на директорот и стручните соработници.<br>Вкупниот број на вработени е 48, од кои 5 мажи и 43 жени. |

| | |
|---|---|
| | Наставниот кадар го сочинуваат 35 наставници, од кои 13 наставници во одделенска настава и 22 наставници во предметна настава.<br>Училиштето има четири стручни соработници (педагог, социолог, психолог, библиотекар) и еден мобилен дефектолог, кој еден ден во неделата доаѓа во нашето училиште за поддршка на наставниците во работата со ученици со посебни потреби и ученици со различни специфични поттешкотии, како и директна поддршка на учениците со ПОП и континуирано следење на нивните постигнувања.<br>Стручните соработници во соработка со одделенските наставници и раководители ги детектираат учениците од различна ранлива категорија и креираат индивидуални или групни стратегии со цел адекватен раст и развој на секој ученик и обезбедување услови за непречено посетување на настава и постигнување резултати.<br>Сите наставници изработуваат личен план за професионален развој, врз основа на самопроценка и откривање на нивото на компетентност, за да потоа на ниво на Стручните активи се споделуваат добиените сознанија и се модифицираат конкретни активности.<br>Училиштето на основа на личните планови ги идентификува потребите на наставниците и изготвува програма за професионален развој.<br>Финансиските средства се наменски распределени и се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето.<br>Училишниот одбор редовно на своите состаноци добива извештај за финансиската активност и финансиската состојба на училиштето и при тоа има редовен увид во потрошените финансиски средства. |
| Раководење, управување и креирање политики | Во училиштето функционираат сите органи и тела предвидени со Законот за основно образование и работат според законските регулативи т.е според своите надлежности. Надлежностите се јасно разграничени меѓу директорот, училишниот одбор, наставничкиот совет како највисоки органи во училиштето и советот на родители како помошен орган.<br>Училишниот одбор и директорот имаат јасни цели и заедничка визија за развој на училиштето.<br>Училишниот одбор воспоставува и промовира стратегија на развој на училиштето и ја надгледува реализацијата на истата.<br>Директорот е компетентен за извршување на раководната функција во училиштето и има професионален однос кон работата.<br>Директорот успешно иницира и раководи со промените во воспитно-образовниот процес.<br>Демократско водење на состаноците од страна на раководството<br>Сите субјекти се задоволни од управувањето, раководењето и организацијата во училиштето.<br>Постои добра комуникација и соработка помеѓу сите субјекти во училиштето (училишен одбор, директор, совет на родители, вработени и ученици). |

**4.2. Интегрална евалуација на основното училиште**

| Подрачје | Согледување |
| --- | --- |
| Наставни планови и програми | **1.1. Реализација на наставните планови и програми**<br>Наставниот процес во ООУ„Наум Наумовски Борче" се реализира согласно наставниот план за деветгодишно основно образование. Наставните планови и програми се реализираат по пропишаниот обем. По наставните предмети математика, природни науки, физика, хемија и биологија наставата се реализира според адаптираните наставни програми од Меѓународниот ценатар за наставни програми на Кембриџ одобрени од Биро за развој на образованието. Содржините во поголем број наставни програми овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието и ги вклучуваат точките на акција од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој и еколошки теми.<br>Училиштето има воспоставено процедури за информирање на родителите, учениците и другите училишни тела за целитеи содржините на наставните планови и програми што се реализираат. Информирањето го спроведува на почетокот на годината на состанок со родителите, преку изготвување на брошура и преку веб страна на училиштето.<br>Во редовната настава вклучени се 2 ученика со посебни образовни потреби, со наод и мислење од соодветна здравствена институција. За поддршка и работа со учениците со посебни образовни потреби училиштето има формирано инклузивен тим со Решение бр. 02-318/1 од 07.09.2018. Инклузивниот тим по претходно добиена согласност од родителите/старателите изработува индивидуален образовен план за работа со овие ученици. Оваа учебна година еден ученик работи според индивидуален образовен план. Родителите на ученикот со посебни образовни потреби се вклучени во инклузивниот тим, но делумно учествувале во изработката на индивидуалниот образовен план. Другиот ученик е со наод и ммислење не работи според индивидуален образовен план бидејки ги постигнува целите предвидени со наставните програми.. Во однос на работата со децата со посебни образовни потреби во училиштето е обезбедена стручна подршка од општинскиот мобилен дефектолог кој еден ден во неделета е присутен во училиштето. Согласно со дидактичките упатства добиени од дефектологот и согласно пропишаната процедура за изготвување на индивидуален образовен план наставниците ги прилагодуваат целите од наставната програма според потребните образовни потреби на учениците, со цел да постигнат најмногу што можат.<br>Во училиштето има 23 ученици со потешкотии во учењето и 34 талентирани ученика. Училиштето ја почитува процедурата и дава можност учениците да вршат избор на изборните наставни предмети според нивните интереси и потреби. Училиштето нуди три изборни предмети според наставниот план. Се врши анкетирање и се почитува изборот од страна на учениците и родителите. Го известува основачот, Министерство за образование и наука и Бирото за развој на образованието за бројот за ученици и формирани групи по секој изборен предмет. |

| | |
|---|---|
| | ООУ„Наум Наумовски Борче"спроведува анкетирање на родителите за реализација на проширената програма. Училиштето ги информира родителите на учениците во прво до трето одделение за можноста да се прифатат и згрижат еден час пред и по настава, но родителите не се изјасниле дека имат потреба од истата. Училиштето организира дневен престој и тоа една хетерогена паралелка со ученици од прво до трето одделение.<br>**1.2. Квалитет на наставните планови и програми**<br>Училиштето прибира и разгледува мислење за наставнитре планови и програми и учебни помагала од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност на иницијативи на наставниците, стручните соработници и родителите.<br>Постојат добри примери на соодветно вградени особености на локална заедница во поставените цели во наставнате програми, наставни помагала, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничка интеграција во образованието.<br>Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во поголем број наставни програми што се реализираат.<br>Училиштето нема покренато иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми, врз основа на барање на родители, наставници или врз основа на согледани потреби на локалната средина до Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образование.<br>**1.3. Воннаставни активности**<br>Училиштето планира и реализира голем број воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за развој на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење. Училиштето организира заеднички воннаставни активности и со училиште со настава на друг наставен јазик.<br>Најголем број ученици се вклучени во една од вкупно 24 секции и други воннаставни активности организирани од училиштето. При вклучување на учениците во активностите постои родова, етничка и социјална рамноправност. Групите се хетрогени и обезбедуваат меѓуетничка интеграција во образованитео и градење соживот. Училиштето обезбедува услови и презема активности да ги вклучи и учениците со посебни образовни потреби.<br>Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според сопствен избор и со транспарентна процедура. Препораките на наставниците се одпучувачки во изборот на воннаставните активности, како и во планирањето на содржините на активностите.<br>Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците учествуваат во различни манифестации и на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално и државно ниво. Во последните три учебни години училиштето освоило 164 награди од кои:<br>- 74 награди на општинско ниво ( 29 прво место, 18 второ место и 27 трето место) |

| | |
|---|---|
| | - 41 награди на регионално ниво ( 10 прво место, 14 второ место и 17 трето место)<br>- 49 награди на државно ниво ( 14 прво место, 11 второ место и 24 трето место) Учениците работаат на проекти и покренуваат иницијативи од еколошка природа. Училиштето за афирмирање на вонnаставните активнасти соодветно користи различни лледиуми и тоа училишниот весник, веб страната на училиштето и преку социјални мрежи. Училишгето има регистрирано спортски клуб со назив УСК„Наум Наумовски Борче- 2014 за 5 спортски дисциплини (атлетика, фудбал, кошарка, одбојка и шах). Во спорrските дисциплини вклучени се вкупно 70 ученика. Клубот е активен и ученствува на разни спортски натпревари и активности. За учениците најголем предизвик е играње шах. |
| Постигања на учениците | **2.1 Постигања на учеиииците**<br>Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постиrањата на учениците според пол и етничка припадност по сите наставни предмети и за сите класификациони периоди, по одделенија, како и за постигањата од екстерното проверување. Училиштето изготвува тримесечни, полугодишни и годишни извештаи, како и споредбедни анализи за постигањата на учениците. Според анализите на крајот од првото полгодие споредени со пастигања од три претходни учебни години, постигањата на учениците во училиштето се многу добри и тоа;<br>- Среден успех на училишно ниво последните три учебни години е мнаrу добар (4.26);<br>- Средниот успех по предмети по задолжителната група предмети е од 3.57 до 4.79, а по избарната група предмети успехот е од 3.93 до 5.00.<br>- Успехот nо паралелки е од 3.79 до 4.69.<br>- Во однос на постигањата на учениците според пол, подобри постигања имаат учениците од женски пол (успехот кај учениците од машки пол е од 3.31 до 4.64, а кај учениците од женски пол е од 4.30 до 4.80.<br>- Најдобар успех по одделение имаат учениците од четврто одделение,а најмал успех имаат учениците од деветто одделение. Според етничка припадност најмал успех имаат учениците од ромска националност со просек од 246, па учениците бошнаци со успех од 3.8,а најголем успех имаат учениците македонци.<br>Училиштето планира и преэема конкретни активности эа континуирано подобрување на nостигањата на учениците) во соработка со родителите преку советување на учениците и родителите ад страна на стручната служба. Во трите претходни учебни rодини сnроведени се 126 советувања од кои 82 за намален успех и 44 за изостанување од настава. Училиштето има систем за детектирање и поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењто, надарените ученици, |

како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок.

Во училиштето индетификувани се 2 ученика со посебни образовни потреби, 23 ученика со потешкотии во учеето и 34 талентирани ученик.

Најголем број на наставници им даваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учеето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Наставниците согласно ра сп о ред реализираат дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат потешкотии во учеето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области.

Училиштето ја спроведува пропишаната политика за следее на хоризонталното и вертикалното движење на учениците, ги следи постигаата на учениците при премин од одделенска во предметна настава, но делумно ги следи постигаата по завршување на основното образование. Отстапување на успехот на учениците при премин од петто во шесто одделение е од 0.16 до 0.42.

Училиштето има податоци за успехот на учениците само од едно средно училиште и споредбено отстапката на успехот е од 0.98 до 1.25. Училиштето има интерен акт за избор на ученик на генерација според кој секоја учебна година избира ученик на генерација.

Училиштето има развиен систем и организира заеднички активности (наставни и вснннаставни) со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето. Во последните три учебни години, од вкупниот број на ученици 107 ученика се од ромска етничка припаност, 4 ученика се од српска етничка припадност, 6 ученика се од албанска етничка припадност, 3 ученика се од влашка етничка припадност и 15 ученици од бошначка етничка припадност.Тимот за реализираните активности изготвува Годишен извештај и истиот го презентира во училиштето.

**2.2 Задржување/намалување на бројот (осипување) на ученици**

Учипиштето обезбедува услови за запишувње на сите деца од реонот, вклучувајки  услови за запишуање на деца со посебни образовни потреби. Има изградена полтика и презема различни активности да ги запише сите деца од својот реон соработка со надлежните институции , локалната заедница, градинките). Училиштето квартално ги ажурира податоците за запишаните ученици. Училитіјтето има воспоставеи систм за приираі*е на податоци за опфатот на ученици при преминот од осиosио ео средно оразование.

Училштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Соработува со родителите за да ја згогјеmи редовноста на учениците во наставата. Училиштето ги реализира советувањта на родителите за нередовност на учениците и води уредна документација. Просечниот број на изостаноци е 21 по ученик, од кои 19 изостанока по ученик се оправдани а 2 се неоправдани. Редовноста на учениците бележи тренд на подобрувње.

| | |
|---|---|
| | Во училиштето бројот на ученици кои се осипуваат е до 23 ученика. Училиштето го следи осипувањето на ученици (според полот и етничката припадност, ги анализира причините во соработка со родителите и граѓанските организации, нареме презема конкретни активности за да го намали осипувањето. Училииштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго, Гіри преминот во друго училиште ги доставува информациите за воспитно образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиuе ги бара истите информации и ги зема во предвид при понатамошната образовна работа со ученикот<br><br>**2.3 Повторување на учениците**<br>Во постедните три учебни години нема ученици кои на крајот на наставната година се упатни на подолжителна настава. Во последните три учебни години еден ученик го повторувал одделението.<br>Училиштето ги запознава учениците и родителите со правото за поднесување жалба на Наставнички совет доколку постои незадоволство од оценка на крајот од годината. |
| Учење и настава | **3.1 Планирања на наставниците**<br><br>Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на стручната служба и од страна на директорот. Училиштето им обезбедуеа поддршка на наставниците за вградување на целите од Кемриџ, меѓуетничка интеграција, интегрираното образование, инклузија во образованието и еколошките содржини во планирањата на наставниците. Наставниците соработуваат со дефектолгот эа добивање упатства и дидактички препораки при иэработка на индивидуален обраэовен план. Најмалку двапати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од страна на стручната служба и директорот<br>Најголем број наставници ја планираат редовната, додатната и доnолнителната настава. како и вонннаставните активности. Имаат подготвени годишни, тематски nланирања и оперативен план за наставен час, односно годишни и тематски процесни nланирања што ги содржат сите неопходни елементи за успешна органиэација и реализација на часот Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување кај поголем број наставници се јасно утврдени во планирањата и ги користат информациите од оценувањето за утврдување на потребите на учениците и да ги nланираат следните активности во поучувањето и учењето. Поголем број наставници корииcтат дигитални е-содржини, соработуваат и разменуваат искуства со наставници од други училишта.<br>Распоредот на часови е иэработен согласно наставниот план, имајќи го во предвид број распоредот за наставници кои реалиэираат настава во други |

училишта, бројот на часови по паралелки и иэборни предмети, притоа почитувајќи го најдобриот интерес на ученикот. Училиштето навреме изработило респоред за додатна и дополнителна настава и истиот е истакнат на видно место во училиштето. Училиштето има иэготвено распоред за ѕвонење и наставата се реализира согласно распоредот

### 3.2 Наставен процес

Најголем број од наставниците користат разновидни наставни техники, форми и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење. Најголем број наставниците користат добро испланирани и соодветни активни методи за работа со учениците, индивидуално, во парови, во групи или заедничка работа со целата паралелка.Часовите се реализираа по предвидениот тек на наставниот час со воведен, главен и завршен дел. Најголем број наставници ги реализираа поставените цели.

Од информатичко - комјутерска технологија училиштето располага со 4-ЛЦД проекгори, 7 интерактивни табли, 1 мимио уред, 97 монитори распоредени во 4 училници и 130 лап-топ комјутери наменети за учениците од прво до трето. Наставниците се обучени за употреба на ИКТ. Наставници во планирањата имаат планирано реализација на наставни единици со примена на информатичко - комуникациска технологија преку користење на линк или е-содржини. Употребата на информатичко - комуникациска технологија во наставата кај поголем број наставници е согласно предвидената динамика во Годишните планирања. Училиштето има систем за следење на примената на ИКТ во наставата.

Училиштето од почнувајки од учебната 2011-2012 година е вклучено во еко проектот. Има изготвено еко програма, еко календар, еко албум, еко кодекс и еко пораки за штедење на електрична енергија, чист воздух и здрава животна средина. Формиран е еко одбор и еко патрола. Организирани се голем број еко акции и тоа собирање на пластичен отпад и отпадни батерии, одржување на училишниот двор и озеленување на истиот, одржување на работилници за штедење на водата, активности за одбележување на значајни датуми во обласга на екологијата согласно со еколошкиот календар содржан во еко програмата и слично. Во реализацијата на еко програмата вклучени се наставници стручните соработници,ученици и родители.

Задачите што се работат во училиште или дома (домашна задача) се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачите и активностите кај помал број наставници се со различно ниво на сложеност приспособени на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература. Поголем број наставници на учениците им овозможуват да работат со сопствено темпо. На учениците кои подоцна се вклучуваат во образовниот систем им се овозможува

да се вклучат и напредуваат во наставниот процес. Поголем број наставници редовно ги информираат учениците за целите на наставата програма и очекуваните исходи од учењето. Поучувањето кај поголем број наставници е јасно и разбирливо, соодветно на возраста, потенцијалот и предзнаењата на учениците. Поголем број наставници наставата ја реализираат со примена на различни интерактивни методи, сите ученици се потикнуваат активно да учествуваат во наставата. Се промовираат различни начини на учење и градење на доверба меѓу наставниците и учениците Интеракција наставник - ученик е добра. Интеракцијата најчесто е присутна во работа во групи, при обработка на наставна содржина и при повторување со користење на техника. За усвојување нови знаења, вежби и утврдување на знаењата најголем број на наставници користа соодветни форми, методи и техники за работа. Сите наставници со учениците се однесуваат на начин што промовира прифаќање. почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба Притоа. обезбедува еднакви можности за учениците, имајќи ги предвид нивните способности, пол, социјалното потекло, етничката и религиската припадност. Во создавање клима за надминување на културните разлики, способностите, физичкиот хендикеп, интелекгуалната попреченост наставниците превземаат активности. Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес којашто редовно се применува и секој наставник во текот на учебната година се посетува на наставен час. Практика на размена на искуства со колеги од училиштето преку нагледен час е делумна.

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Училишнот простор е естетски уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини го отсликуваат мултикултурализмот. Трудовите на уцвниците се изложуваат на видни места во училницата и во училиштето, почитувајќи ги естетските норми. Тие редовно се менуваат, согласно целите на наставата и учењето. Секој ученик добива можност да има изложен труд. Ученикот има пристап до различни материјали за учење.

Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и она што се учи е поврзано со секојдневието и ги оспособува за активно учество во демократско и мултикултурно општество. За време на часот поголем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици.

Најголем број на ученици имаат можност да го искажат сопственото мислење, притоа почитувајќи го мислењето на другите и не загрозувајќи ги основните човекови права. Нивното мислење делумно се земаат предвид при решавањето проблеми и при одлучувањето. Учениците иницираат мал број на активности и преземаат различни одговорности во училиштето.

Учениците сметаат дека училиштето доволно организира форми поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите. Интеракцијата ученик-ученик е добра, најчесто е присутна во работа вогрупи, при обработка на наставна содржина со користење на техника. Интеракцијата меѓу учениците 38 заедничка работа на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со хетероген состав се добри. Мал број на ученици сметаат дека училиштето треба да превземе повеќе активности за да се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во паралелката и училиштето.

**3.4 Задоволување на потребите на учениците**

Наставничкиот кадар и стручната служба ги детектираат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување. Поголем број наставници во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни способности и стилови на учење да научат најмногу што можат. Училиштето за потребите на учениците со ПОП, потешкотии и надарени ученици има изготвено програми за работа.

**3.5 Оценувањето како дел од наставата**

Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците (формативно и сумативно). Училиштето има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик, вклучувајќи и кодекс за оценување. Наставниците имаат изготвено стандарди и критериуми за оценување со кои учениците и родителите се запознаени. Наставниците користат разновидни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците делумно се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми). Наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа. дискутираат со учениците 33 нивниот напредок и постигањата.Голем акцент се става на вреднувањето на дневните постигања на учениците и на детектирањето на идните акгивности што ќе се применуваат во учењето и поучувањето. Наставниците ги користуваат информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

**3.6 Известување за напредокот на учениците**

Училиштето има утврден систем а известување на родителите за напредокот на нивните деца. Најголем број наставници редовно прибираат информации за постигањата на учениците и даваат транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката; вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. За таа цел се користат добро организирани формални и неформални средби, групни и индивидуални средби со родителите. Родителите добиваат и пишани извештаи

| | |
|---|---|
| | (евидентен лист) со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето (соработка со другите, почитување на разликите, толерантност). Најголем број наставници од родителите баааат да дадат своја повратна информација по извештајот, по што се преземаат соодветни активности согласно гледиштата на родителите во однос на постигањата и напредокот на нивните деца. |
| Подршка на учениците | **4.1 Севкупната грижа за учениците**<br><br>Училишниот простор е безбеден за изведување настава, истиот е осигигуран преку Кроација осигурување,учениците и вработените се осигурани преку ЕУРОЛИНГ осигуруаање А.Д. Скопје. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и ги реализира според планираното. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува потенцwјална опасност за повреди на учениците. Сите потенцијално опасни места во училиштето што не може да се избегнат во целост се посебно означени и од страна на наставниците учениците се информирани за можните опасности и се свесни за нивното присуство.Со цел подобрување на условите во последните три години реализирани се голем број реконструктивни зафати, заменети се поголем дел од прозорците со нови и извршена е санација на санитарните јазли. Во соработка со МОН отпочната е процедура за замена и на преостанатиот дел од прозорците и реконструкција на преостанатиот дел од санитарните јазли. Во училиштето има обучен кадар за давање прва помош на учениците при несреќни случаи во училиште и има пакет средстава за прва помош. Училиштето има интерен акт - План за евакуација за постапување во случај на елементарни непогоди, и има изведено симулација во училиште. Во училиштето има 14 ППА, 14 хидранти. Противпожарните апарати и хидрантите редовно се сервисираат. Извршено е мерење и на громобранова инсталација. Има инсталирано интернет мрежа и телефонска врска. Училиштето е под видео надзор и има ангажирано физичко лице за обезбедување од АБВ ДООЕЛ. За безбедно движење на учениците по улицата до училиштето, нема поставено знак за училиште, но има поставено успорувач на брзина. Училиштето има протокол како пишани документи (Куќен ред и Кодекс на однесување) во кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците и возрасните. Протоколите се пачитуваат и се применуваат. Во училиштето нема насилство манифестирано од страна на возрасните и учениците. Училиштето организира предавања и активности за заштита на учениците од насилно однесување, од тровија со деца и користење на интернет. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на учениците им приоѓаат чувствително, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Активностите за заштита и безбедност на учениците и координира со институциите. Учениците и родителите се информирани од |

| | |
|---|---|
| | страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки за насилство. Училиштето има политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанции. Во училиштето не се пуши, наставниците не доаѓаат во алкохолизирана состојба, не консумираат алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции. Училиштето има пишана процедура за регистрирање на појавата на ваквите состојби и постапување при секое отстапување од неа. Заради запознавање на учениците со штетните последици од пушењето училиштето организира предавања и активности за одбележување на Светскиот ден против пушењето. Во училиштето има организирана исхрана за учениците топол и ладен оброг од страна на Сара Тренд ДООЕЛ Скопје. Вкупно се хранат 184 ученика од кои 150 се приматели на ладен оброк,а 34 на топол оброк. Училиштето води кампања за здрава исхрана, организира предавања на тема „Здрава храна" и реализира активности за одбележување на Светскиот ден на здравјето и Меѓународниот ден на храната. За квалитетот на храната училиштето доставува примерои,и за испитување.<br><br>Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Пристапот во училиштето е приспособен на потребите на учениците со пречки во развојот. Просторот во ходникот и училиниците на приземје овозможува нивно движење. Училиштето има стаза за движење на ученици кои користат помошно средство за движење. Во училиштето има еден ученик со телесен хендикеп. Училиштето има пропишани процедури за обезбедување матерјални средства за учениците кои поради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во вонаставните активности што бараат вложување дополнителни средства. Во училиштето во последните три учебни години има 19 ученика се од социјално загрозени семејства (приматели на социјална помош). За помош и поддршка на учениците во вонаставните активности и обезбедување со училиен прибор, облека училиштето организира активности и соработува со центарот за социјална работа и хуманитарните организации, црвен крст, невладини организации и на училишно ниво организира акции за поддршка на учениците во наставата.<br><br>**4.2 Здравје**<br><br>Хигиената во училиштето е на високо ниво. Училишниот простор е чист и се дезинфицира согласно законските прописи. Училиштето воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Училишниот двор е чист и дел е холтикултурно уреден. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци. Училиштето воспитно делува учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. Училиштето има програма за превенција од заразни болести. Во однос на заштита од заразни болести, наставниците и стручните соработници организираат предавања на теми како, заразни болести- |

штетност и заштита, одржување на личната хигиена, заштита од ХПВ, сида и полови болести. Согласно со националната програма, за учениците од прво, трето, пепо и седмо одделение училиштето организира систематски прегледи и го следи навременото вакцинирање на учениците. Сите вработенисе лекарски прегледани. Лекарски преглед на вработените извршен во ЈЗУ„Здраствена станица Железара" — Скопје, а извршен е и санитарниот преглед. Во училиштето нема ученици со хронично заболување. Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката за сите учен:іци кои имаат потреба од таков третман. Притоа училиштето соработува со родителите и здравствените установи.

## 4.3 Советодавна помош на учениците за понатамошно образование на учениците

Училиштето обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование и реализира активности по Програмата за профисионална ориентација на учениците. Подготовката што ја организира училиштето за учениците за избор на понатамошно образование по завршувањето на основното опфаќа презентација за професионална ориентација од страна на средните училишта, редовно информирање на родителите и учениците за помошта што може да ја добијат во училиштето преку пишани и усни соопштенија од страна на одделенските раководители и стручната служба, но не опфаќа самооценување на вештините и интересите на учениците и nомош во изработката на кратка биографија. Училиштето нема програма 33 работа на nрофесионална ориентација за учениците со посебни обраовни потреби во соработка со посебните средните училишта. Училиштето има прапишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми, без оглед на изворот. Во училиштето има 2 ученика со емоционални потешкотии. Стручната служба е обучена да им помогне на учениците иlили родителите во решавање на проблелпите паврзани со воспитно-образовниот nроцес или да ги упати до релевантните институци. Училиштето има редовна соработка со релевантните институции, како што се зравствените установи, Центарот за социјална рабоrа, Центарот за ментално здравје.

## 4.4 Следење на напредокот

Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на сите ученици, како и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Во евиденцијата посебно се акцентирани добрите страни на учениците и ниените развојни потенцијали. Во евиденцијата се внесени и

| | |
|---|---|
| | податоци за напредокот на учениците, што се добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците во соработка со стручната служба и родителите на учениците Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските и класните раководители, предметните наставници и родителите за постигањата на учениците. Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи, по квартали, за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Подготвените извештаи и анализи според паралелки им се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар. Извештаите се достапни за сите други наставници. Родителите и учениците се информираат на одделенскиот час, родителски средби и Совет на родители. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес. |
| Училишна клима | **5.1 Училишна клима и односи во училиштето**<br><br>Училиштето е препознатливо според квалитетот на работата и постигањата на учениците во различни области како и според остварувањето на визијата и мисијата на училиштето. Наставниот кадар ужива респект кај родителите. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Училиштето е препознатливо како еко училиште. Училиштето има кодекси на однесување во кои се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето и донесен еко кодекс. Во нивната изработка учествувале претставници од сите структури, а нивното усвојување е со демократска процедура. Училиштето има пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексите и истите ги споредува во практика.Училиштето води политика на заемно почитување и вклученост на сите етнички заедници што учествуваат во училишниот живот. Учениците - членови на училишната заедница не се поканувaат на состаноци на наставнички совет и совети на паралелки. Раководниот и наставниот кадар играат клучна улога во одржувањето на постојано попкинувачка атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Сите ученици се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Учениците и вработените го почитуваат куќниот ред и демократски усвоените правилата на однесување во училиштето. Учениците се совесни, учтливо се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставничкиот кадар. Училиштето соодветно го применува правилникот 38 изрекување педагошки мерки. Во последните три учебни години изречени се 8 педагошки мерки (7 укор и 1 намалено поведение). Во училиштето нема закани, провокации, навреди и пишани графити со негативна содржина упатени кон учениците припадници на друга етничка заедница. Постои работна атмосфера за време на наставата и вонннаставните |

активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите. приемот на учениците и нивното заминување од училиштето. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат и соработваат меѓусебно и со наставниот кадар. Училиштето има формирана ученичка заедница од 23 ученика претставници од секоја паралелка од прво до деветто одделение. Ученичката ааедница има изготвено програма за работа и за нејзината реализација добива поддриака од училиштето. Ученичката заедница делумно учествува во разгледување одлуки за прашања што се од непосреден интерес за нив и другите ученици. Учениците целосно се информирани од претставникот 80 ученичката заедница за сите работи што се од нивен непосреден интерес.

**5.2 Промовирање на постигањата**

Училиштето става голем акцент на постигањата на сите ученици. Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците, исто така, имаат добро поставени очекувања од самите себе и од другите, како и аспирации за повисоки постигања на ниво на училиште. Најголем број наставници успешно го користат пофалувањето како начин на мотивирање. Училиштето има изградено систем наврелности и начин на промовирање на личните постигања на сите ученици во рамки на училиштето. Училиштето води политика на поттикнувае на наставничкиот кадар и на учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално, државно и меѓународно ниво. Училиштето ги наградува учениците кои постигнале успех на натпревари на преку доделување пофалници, дипломи, книги енциклопедии. Нивното врачување најчесто се врши при прослата по повод патрониот празник на училиштето. Постигаата на учениците се промовираат и преку училишниот весник веб страната на учиштето. Училиштето има воспоставен систем за континуирано информирање и промовирање на реализираните еколошки активности.

**5.3 Еднаквост и правичност**

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на ученикот. Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување Училиштето повремено организира работилници со родителите за да ги запознае со правата на децата.

Најголем број наставници правично и со почит се однесуваат кон сите ученици независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста. Учениците се учат како да rn препознаваат и како да се справуваат со конкретни

| | |
|---|---|
| | ситуа :и obg:узани со дискриминација во училиштен контекст. Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност; во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање. Од учебната 2015-2016 училиштето го реализира МИО проектот и е партнер училиште со ООУ„25 Мај"-Скопје. Активностите се ппанирани со Годишната програма за работа на училиштето и се реализираат според изготвен акциски план. Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници ,во Република Македонија, без оrnед на која етничка група и припаѓаат и на кој јазик ја посетубаат наставата Најголем број наставници имаат планирано интегрирани содржини од меѓуетничка интеграција во образованието и ги реализираат соrnасно планираната динамика.<br><br>**5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница**<br><br>Училиштето планира активности да ги поттикне родителите да се вклучат во воспитно образовната работа на училиштето на сите нивоа. Родителите се поттикнати активно да се вклучат во наставниот процес преку организирање предавања на конкретна тема или посети на работното место на родителот, како и во воннаставналте активности.<br><br>Училиштето користи методи за комуникација преку организирање индивидуални и групни родителски средби, приспособувајки се на времето што родителот го има на располагање. Училиштето има пропишани процедури за избор на претставници од редот на родителите во Училишниот одбор. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и постигањата на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители во пишана форма. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Училиштето активно е вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Заедницата добро се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето. Тоа промовира мултиетничка интеграција и инклузивност во пошироката средина.<br><br>Постојат примери за успешна соработка со граѓанскиот сектор и активно учество на училиштето во проекти во интерес на заедницата. |
| Ресурси | **6.1.Сместување и просторни капацитети**<br><br>Училишната зграда е тврда градба од приземје и три ката со вкупна корисна површина од 3685 м2. Располага со 20 училници, библиотека, медијатека, фискултурна сала и сала за гимнастика, наставничка канцеларија, училишна |

|  |  |
|---|---|
|  | кујна и трпезарија и 28 помошнм простории. Училишниот двор е со површина од 21 687 м2 ад која дел е озеленетам хортикултурно уредена. Во склоп на училишниот двор има спортска сала и отворено повеќенаменско игралиште кои се донација од Влада на РМ. Во училиштето има вкупна 39 санитарни јазли кои ги задоволуваат потребите на учениците и вработените. Училишниот простор ги исполнува условите за изведување настава според стандардите и Нормативот. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните акгивности, со што ги задоволува потребите на учениците.<br><br>6.2 Наставни средства и материјали<br><br>Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала задоволува и истата има тенденција на подобрување. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и истите ефективно ги користат во наставата и учењето. Училиштето има план за обезбедување на нагледни средства и помагала вклучувајќи книги, аудио-визуелна и ИКТ опрема. Истиот ги изразува потребите утврдени од страна на стручните активи, а се реализира според финансиските можности и според утврдени приоритети Училишната библиотека располага со вкупно 9058 примероци на книги и тоа, лектирни изданија 1479, стручна литература 400, 295 книги донирани од Министерството за образование и наука кои спаѓаат во групата на Нобеловци и Ѕвезди од светската книжевност, а останатото е белетристика. Поголемиот број од лектирните изданија се во добра состојба. Библиотеката е добро уредена и располага со компјутер и пристап до интернет. Библиотекарот библиотечната евиденција ја води во инвентарна книга и во електронска форма Библиотеката е отворена за учениците, секој работен ден од 08.30 до 15.30 часот. Библиотекарот има изготвено Годишна програма за работа и работи согласно предвидената динамика во програмата. Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал потребен за реализација на наставните и воннаставните активности во рамки на финансиските можности. Планирањето и снабдувањето со потрошен материјал се врши тековно според потребите со договорни постапки.<br><br>6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар<br><br>За реализирање на наставниот план и програмите, во училиштето е обезбеден доволен број наставници, со што воспитно-образовниот процес се реализира комплетно. Наставата во училиштето ја реализираат 35 наставници од кои 2 дополнуваат фонд 60 училиштето, а правото од работен однос го остваруваат во друго училиште. Од нив 30 се вработени на неопределено работно време и 5 на определено време. Има 2 наставници - приправници за кои се назначени ментори. При изборот на наставниот кадар не е констатирана родова или друга дискриминација. Стручната подготовка на наставниот кадар е во согласност со Законот за основно образование и нормативите за наставен кадар. Наставниот |

| | |
|---|---|
| | кадар е квалификуван и е оспособен за реализација на воспитно-образовниот процес, со континуирано стручно усовршување во склоп на обуките на Министерството за образование и наука. Работата на наставниот кадар соодветно е поддршана од страна на администраривно-техничкиот персонал. Вработените го почитуваат работното време. Редовноста на техничкиот персонал и наставниот кадар ја следи директорот, секретарот и има електронско евидентирање на работното време со картички. Во случај на отсуство на некој наставник се наоѓа соодветна замена или се менува распоредот за пополнување на празните часови. Училиштето има стручна служба составена од педагог, психолог, социолог и општински дефектолог кој е присутен во училиштето еден ден во неделата. Таа редовно им помага на наставниците во организација на наставата и го следи напредокот на учениците. Советодавно работи со учениците и родителите и е подготвена и отворена за соработка. Стручните соработници работаат според програма за работа која е во состав на Годишната програма за работа на училиштето. Стручната служба и наставниот кадар активно се вклучени во реализација на еколошката програма/ Еко-проектот.<br><br>6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар<br><br>Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на стручната служба и директорот двапати во полугодие. Исто така, потребите на наставниците се следат и преку планирањата и активностите на стручните активи. Училиштето има изготвено План за професионален развој на наставниците. Наставниците добиваат можност да учествуваат на семинари организирани од страна на Бирото за развој на образованието, како и проекти кои се спроведуваат од страна на домашни и странски организации, после кои се организираат интерни обуки. Стручната служба континуирано ги следи наставниците, нивните досегашни обуки и семинари и истите ги евидентира во портфолијата за професионален развој на наставниците.<br><br>**6.5 Финансиско работење во училиштето**<br><br>Училиштето на состаноците на Училишниот одбор има донесено Финансиски план, усвоен извештај на пописните комисии, усвоена завршна сметка и План за јавни набавки. Финансиското работење се контролира преку Училишниот одбор. Завршните сметки се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор. Училиштето ги информира органите и телата за училишниот буџет и трошењето. Делот за материјални трошоци, комунални услуги и друго финансирање го врши Локалната власт, преку претходно одобрен финансиски план. Училиштето обезбедува финансиски средства и преку сметката за самофинансирање од издаден простор под закуп и тоа филскултурната и спортската сала, училниуи и училишна кујна со трпезарија. Средствата ги користи наменски и тоа за тековно одржување, за канцелариски материјали и нагледни средства и помагала. За финансиското работење училиштето ја |

| | |
|---|---|
| | информира Локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај за финансиското работење. |
| Управување, раководење и креирање политика | **7.1 Управување и раководење со училиштето**<br><br>Со училиштето управува учиг̇ишнен одбор (УО) составен од 9 члена, Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и статутот на училиштето. Работата на УО е во рамките на пропишаните надлежности дефинирани со nостојната законска регулатива. Постои деловник за работа на Училишниот одбор, разгледан и усвоен од актуелниот состав на УО. Годишната програма за работа на училиштето ја содржи програмата за рабата на УО со испланирани активности, временска рамка и реализатори. Има ретки случаи на одложување/неодржување на седниците на УО поради немање кворум за работа. Работата е транспарентна за сите структури во училиштето. Соработката со раководниот орган на училиштето е добра, со остварен партнерски однос. Според изјаснување-го на членовите эапознаени се со сите прашања во врска со воспитно - образовната работа, развојната програма како и за управување со финансиите во училиштето. Запознаени се со целокупното работење на училиштето, програмските документи и извештаите од работата на училиштето. Според изјаснувањето на членовите, училиштето навремено обезбедува сеопфатни информации за работењето. Раководен орган на училиштето е директор во прв мандат, именуван со Решение Бр.08-2484/2 од 01.07.2015 година од Градоначалникот на општина Гази Баба, кој ги исполнува исполнува условите за директор согласно со закон. Раководниот орган има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Донесува одговорни одлуки. Детектира и се фокусира на јасни приоритети утврдени со развојниот план.Фокусот на работењето на дирекгорот е: подобрување на условите за работа во училиштето, подобрување на квалитетот на наставата, следење на новините во воспитно - образовниот процес, рамноправно вклучување на сите ученици во воспитно - образовната работа, афирмирање на училиштето преку постигањата на учениците со акцент на вонnаставните акгивности и подобрување на нагледноста. Го поддржува реализирањето на еколошките содржини и спроведува училишна политика преку која се афирмира меѓуетничката интеграција во образованието.Активностите на раководниот орган се планирани со годишна програма која е прилог кон годишната програма за работа на училиштето. Стручните органи во училиштето работаат според изготвени програми кои се во содржани во годишната програма за работа на училиштето. Работата на Советот на родители е планирана со програма за работа која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Советот на родители ја отсликува правичната застапеност на членовите во однос на етничката припадност. |

| | |
|---|---|
| | **7.2. Цели и креирање на училишната политика**<br><br>Целите за работата во училиштето се добро утврдени во програмските документи на училиштето. Тие се јасни и добро поставени. Поставените цели се во согласност со државната и локалната образовна политика и во поголема мера на целите им се дава соодветен приоритет. Во креирањето на целите во најголема мера учествуват вработените, свои предлози делумно даваат и родителите и учениците. Истите континуирано се запознаваат со нивното остварување и подобрување. Раководната структура постојано ги следи и анализира постоечките политики во врска со квалитетот на работата во училиштето, го следи квалитетот на сите подрачја во воспитно - образовната дејност и врши соодветни целни планирања за нивно подобрување.<br><br>**7.3 Развојно планирање**<br><br>Состојбите за успешноста во работењето на училиштето се идентификувани во документот за Самоевалувација. Врз основа на самоевалуацијата е донесена програмата за развој на училиштето. Целите на развојното планирање ги отсликуваат мисијата, визијата и вредноститие на училиштето. Мисијата, визијата ја отсликуваат заложбата за меѓуетничка интеграциа во образованието. Училиштето има акциски планови за поставените цели. Училиштето преку годишните изеештаи ги информwра наставниците, родителите и учениците за реализацијата на утврдените приоритети и се залага да ги земе во предвид нивните ставови. Потребите за стручно усовршување на наставниците се утврдуват преку организирани постапки. Училиштето има изготвено програма за професионален развој на наставниците која е составен дел на годишната програма. За остварување на овие обуки е предвиден систем на дисеминација за стручно усовршување на целиот наставен кадар и обуки организирани од акредитирани обучувачи согласно со раположивите финансиски средства. Потребите од матерјално - технички средства во училиштето се идентификуваат со утврдени постапки преку стручни активи. Активите своите согледувања за потребните материјали и средства ги доставуваат до раководниот орган во вид на барања од стручните активи. Раководството определува приоритети во зависност од расположивите средства преку планирања во годишниот финансов план. Набавките навремено се обезбедуваат според годишниот план за јавни набавки. Училиштето остварува добра соработка со локалната самоуправа и со заедницата во однос на подобрувањето на инфраструктурата. |

**5. Фактори кои влијат на развојот на основното училиште (СВОТ анализа)**

**СВОТ анализа**

| Предности (силни страни) на основното училиште | Слабости (слаби страни) на основното училиште |
|---|---|
| ➢ Успешно и квалитетно изработена Годишна програма за работа на училиштето;<br>➢ Целосна реализација на Годишната програма за работа на училиштето (полугодишни и годишни извештаи);<br>➢ Квалитетно изработени Годишни програми на наставниците;<br>➢ Соработка на наставниците со стручните соработници;<br>➢ Реализација на планираните воннаставни активности во училиштето;<br>➢ Изработени анализи на постигнатиот успех, поведението и редовноста на учениците;<br>➢ Континуирана соработка со родителите;<br>➢ Родителите, навреме и детално се запознаваат со постигањата на учениците и им се овозможува право на приговор.<br>➢ Учениците сметаат дека училиштето поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците, наставниците, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите<br>➢ Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигнувањата, редовноста и поведението на учениците<br>➢ За подобрување на воспитно-образовниот процес, наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи по квартали за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците<br>➢ Училиштето има интерен акт со шеми за движење и за постапување во случај на елементарни непогоди<br>➢ Најмалку еднаш годишно, во училиштето се изведува симулација за постапување во случај на елементарни непогоди<br>➢ Училиштето има инклузивен тим што работи на професионалната ориентација за децата со посебни образовни потреби<br>➢ Учениците добиваат дополнителна едукација по одделни предмети за превенција од дрога и насилство | ➢ Иако се набавува ИКТ опрема, сепак постои недостиг, таа треба редовно да се обновува и надоградува<br>➢ Потреба од континуирано набавување на потребни нагледни средства и помагала<br>➢ Недостаток на обуки и семинари за наставниот кадар и стручните соработници за новите методи на „он лајн“ подучување<br>➢ Грижата за хигиената во училиштето не е на задволително ниво<br>➢ Во училиштето не се води постојана кампања за здрава исхрана<br>➢ Училишниот двор не е безбедно ограден од околната средина<br>➢ Наставниците, родителите и учениците не се чувствуваат безбедно и заштитено од возилата што влегуваат и излегуваат од училишниот паркинг<br>➢ Дворот на училиштето не доволно чист и во училиштето и дворот нема доволно корпи за отпадоци<br>➢ Постојат делумно пријатни просторни услови за одвивање на работа на наставниот кадар и за организирање воннаставни актив- ности за учениците.<br>➢ До сега според концептот за основно образование не е предвидено за секоја струка да има по една училишна работилница во која учениците се здобиваат со знаења и вештини.<br>➢ Училишната зграда и просторот (ходници, фискултурна сала, |

| | |
|---|---|
| ➢ Родителите и учениците се запознаени со правата и процедурите за поднесување поплаки за физичко и психичко насилство и училиштето навремено постапува по истите<br>➢ Училиштето има пропишани процедури и истите ги спроведува неселективно за Обезбедување на материјални средства за ученици кои заради социјалната загрозеност не се во состојба да ја следат наставата и другите активности под исти услови со другите ученици (учебници, училишен прибор, екскурзии, натпревари, настава во природа...)<br>➢ Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава според нормативот. Големината на училниците соодветствува на бројот на учениците во паралелките.<br>➢ Во училиштето има училишна работилница/современа лабараторија по техничко образование за практична обука на учениците.<br>➢ Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на вонаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.<br>➢ Училиштето располага со соодветна и современа стручна литература и наставни средства и помагала согласно со нормативите по сите наставни предмети.<br>➢ Училиштето континуирано ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи современа стручна литература, учебници, материјали за практична работа, аудио-визуелна и ИКТ-опрема, и ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови.<br>➢ Во училиштето, наставниците и учениците имаат можност континуирано да користат интернет.<br>➢ Библиотеката има читална, добро е уредена, располага со компјутер, има пристап до интернет и библиотечната евиденција се води во согласност со Законот за библиотеките.<br>➢ Училиштето има вработено наставници и стручни соработници за реализирање на воспитно-образовниот процес по сите наставни | училишен двор) не се во целост пристапни за учениците со телесни пречки во развојот ( лифтови, приспособени тоалети и др.).<br>➢ Училиштето делумно располага со соодветна и современа стручна литература, нагледни средства, материјали, асистивна технологија и специфични помагала за учениците со посебни образовни потреби.<br>➢ Училиштето нема регистрирана реална или виртуелна компанија,<br>➢ Училиштето располага само со една училишна работилница/ современа лабараторија/кабинетото по техничко образование, до сега според концептот за основно образование не било предвидено за секоја предметна област да има и работилници за стекнување на практични знаења и вештини, и истите да се обезбедени со соодветни алати, уреди, апарати и машини.<br>➢ Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на учи-лиштето, но треба да се предвидат финансиски средства за реалзиацијa на меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост, како и за реализација на активностите предвидени во програмата на ученичката заедница.<br>➢ . Училиштето нема мотивационен систем за наградување на учениците и наставниците-ментори кои постигнале успех на натпревари и други манифестации |

| | |
|---|---|
